***Автори:*** *Даниела Димитриевска, Викторија Јакимовска, Анифа Демировска и Катерина Николова*
***Дата:*** *2005 година*
***PDF:*** graganski-praktiki-br.11.pdf




**„Искуства и практики на граѓанските организации во подобрувањето на положбата на жената во општеството“**

Во овој број на Граѓански практики, повторно го отвораме прашањето на положбата на жената во општеството. За вољa на вистината, и за среќа, тоа секогаш е отворено. Неговата повторна и повторна актуелизација всушност треба да не однесе од пасивно кон активно отворено прашање.

Авторките на текстовите во овој број укажуваат на тоа колку е живо прашањето за положбата на жената во општеството и го гледаат низ повеќе призми. Една до нив е влијание врз политиките и поставување нови прашања на политичките агенди, како да се стигне на агендата, колку е важно обединувањето на жените околу посебна платформа, кои се резултатите, а кои предизвиците, итн. Вториот текст носи и регионална димензија, правејќи споредба на економското и политичко зајакнување на жените во транзициските земји на југоисточна Европа како: Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово и Македонија. Споредба се прави и во третиот текст. Овој број го носи

и текстот кој што ја третира феминизацијата на сиромаштијата и улогата на граѓанските организации и женските групи во нејзиното спречување.